Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 23.09.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 23/4 | 0 | |

УП1 БР. 14-1694
године 02-08-2019

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), и врз основа на 216 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Правна информатика на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Правна информатика на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, се обрати со барање бр. 03-23/3 од 12.07.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1694 од 16.07.2019 година, за добивање на Решение за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Правна информатика на Правен факултет, единица во состав, акредитирана со Решение за акредитација бр. 1409-37/3 од 12.06.2019 година, издадена од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1694 од 25.07.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата при разгледување на документацијата и извршениот увид за исполнетоста на условите за студиската програма наведена во точка 1 на ова Решение, изготви Извештај УП1 бр. 14-1694 од 22.08.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Правна информатика на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, се исполнети условите согласно Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Архива

Подготвил: м-р Хана Дарлишта
Контролирал: Снежана Лузевска
Согласен: Борчо Алексов
Одобрил: Dr.Agim Rushiti

[1] 03-23/4 [2019]